ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 47-830/2
Датум: 23.09.2024

Врз основа на член 9 точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. бр. 122/21), а во врска со член 7 став (1), член 8 став (1) и член 10 став (1) алинеја 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за справување со последиците од катастрофалните пожари што ја зафатија Република Северна Македонија заверен во Државен завод за ревизија под број 03-726/1 од 07.08.2024 и Решение донесено од Министерот за правда за потврдување на донација од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности со број УП11-2108 од 12.09.2024 година, Главниот државен ревизор донесе

## РЕШЕНИЕ

**За исплата на парични средства по основ на донација на Црвениот крст на Република Северна Македонија за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија Република Северна Македонија**

1. Да се исплатат средства во износ 100.000,00 денари како парична донација на Црвениот крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија Република Северна Македонија.
2. Средствата од точка 1 од ова Решение да се исплатат од средствата на Државниот завод за ревизија во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година и тоа:

   Сметка: 020021504063710
   Програма: 20 - Државна ревизија
   Ставка: 464 разни трансфери
   Расходна потставка: 464990 – други трансфери

3. Средствата да се уплатат во корист на сметката:
   Прималец: Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија

Сметката на примателот: 300000001327966,
даночен број: 4030984271620

4. Носител на платен промет: АД Комерцијална банка со назнака: помош за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија Република Северна Македонија.
5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе важи од денот на обезбедување на Решение за потврдување на јавниот интерес од Министерството за правда за давањето на наведената донација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Црвениот крст на Република Северна Македонија упати јавен апел за изразување на солидарност и обезбедување на хуманитарна помош за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија Република Северна Македонија.
За таа цел, Црвениот крст има отворено сметка на донациски солидарен фонд наменет за обезбедување на финансиска помош за справување со последиците од пожарите кои ја зафатија нашата земја.
Во рамките на расположливите средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година распределени на Државниот завод за ревизија на сметка основен буџет/сопствени приходи, беше констатирана можност да се алоцира износ на средства кои би можеле да бидат уплатени како директна финансиска помош во парична донација за горенаведената намена во корист на Црвениот крст на Република Северна Македонија.
Со оглед дека во конкретниот случај се работи за донација од Државен завод за ревизија како давател на донација – домашно лице определено со одредбите од член 3 став 1 точка 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и во согласност со одредбите од член 4 став (1) од истиот Закон, Главниот државен ревизор и Генералниот секретар на Црвениот крст склучија Договор за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за справување со последиците од пожарите што ја зафатија Република Северна Македонија, заверен во Државен завод за ревизија под број 03-726/1 од 07.08.2024 година, потоа донесено е Решение од Министерот за правда за потврдување на донацијата од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности со број со број УП11-2108 од 12.09.2024 година, што е во согласност со одредбите од член 21 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) заради што Главниот државен ревизор го донесе ова Решение.

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Shkup ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Данче Ангеловска
Контролирал: м-р Александар Поповски